Јавно претпријатие Колекторски Систем
Ndërmarrja publike Sistemi i Kolektorit
Бр./Nr. 02-805/6
22.12 2021 год./vit.

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН

## ЗА 2022 ГОДИНА

*СКОПЈЕ,*

*Декември, 2021 година*

# ВОВЕД

ЈП „Колекторски систем"– Скопје својот финансиски план го заснова врз следните параметри:

- Аналитички приод на остварените резултати во деветмесечниот период од тековната година, притоа вршејќи споредба со резултатите кои биле остварени за соодветниот период од минатата година. Остатокот од тековната година е исто така предмет на процена врз основа на реални и очекувани резултати.
- Примена на економските принципи на работењето како економичност, продуктивност и рентабилност.

## I. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ЗА 2022 ГОДИНА

Во 2022 година предвидено е претпријатието да оствари **вкупни приходи** во износ од **90.530.922 денари,** и тоа:

| ПРИХОДИ | План 2021 | Остварено 30.09.2021 година | Предвидено за 2021 година | План 2022 година | Споредбена анализа (4/2) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **I ВКУПНО ПРИХОДИ** | **88.799.100** | **69.793.324** | **89.135.467** | **90.530.922** | **100,38%** |
| I.1.1 Приходи од услуги | 83.716.500 | 66.491.878 | 84.765.156 | 86.508.776 | **101,25%** |
| I.1.2 Приходи од камати | - | 212.164 | 251.268 | 301.268 | - |
| I.1.2 Останати приходи | 5.082.600 | 3.089.282 | 4.119.043 | 3.720.878 | **81,04%** |

*Табела бр.1 Сумарен преглед на остварени и предвидени приходи*

Приходите од работењето од ЈП Колекторски систем од делот услуги се остваруваат од наплата на издадени фактури кон правни и физички лица за одведување и третман на отпадни води согласно пресметаната потрошена количина вода.

Планираните приходи за 2022 година ги опфаќаат со Закон пропишаните извори на финансирање за вршење на основната дејност на претпријатието утврдени согласно Законот за води:

1) Услуги за прибирање и одведување на отпадни води и нивно пречистување;
2) Услуги во кои спаѓаат колекторски приклучоци на домаќинства и индустрија;

Висината на средствата од точка I се утврдува со Одлука на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги и Одлука на Управниот одбор на ЈП Колекторски систем.

Од прикажаниот приказ на остварените и планираните приходи може да се согледа следната распределба:

| Ред бр. | ВИД ПРИХОД | ПЛАН 2021 | ОСТВАРЕНО 30.09.2021 | ПРЕДВИДЕНО 2021 година | ПЛАН 2022 година | Структурна анализа за 2022 година | Споредбена анализа (6/5) | Споредбена анализа (5/3) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **1** | **Приходи од услуги** | **83.716.500** | **66.491.878** | **84.765.156** | **86.508.776** | **95,56%** | **102,06%** | **101,25%** |
| 1.1 | Приходи од домаќинства | 56.641.200 | 43.542.396 | 55.097.351 | 56.226.847 | 62,11% | 102,05% | 97,27% |
| 1.2 | Приходи од индустрија | 27.075.300 | 22.949.482 | 29.667.805 | 30.281.929 | 33,45% | 102,07% | 109,58% |
| **2** | **Останати приходи** | **5.082.600** | **3.301.446** | **4.287.732** | **4.022.146** | **4,44%** | **93,81%** | **84,36%** |
| 2.1 | Приходи од амортизација на донации | 5.082.600 | 2.808.394 | 3.672.193 | 3.455.196 | 3,82% | 94,09% | 72,25% |
| 2.2 | Приходи од камати | - | 212.164 | 251.268 | 301.268 | 0,33% | 119,90% | - |
| 2.3 | Останати приходи од работењето | - | 280.888 | 364.271 | 265.682 | 0,29% | 72,94% | |
| | **ВКУПНО (1+2)** | **88.799.100** | **69.793.324** | **89.052.888** | **90.530.922** | **100,00%** | **101,66%** | **100,29%** |

*Табела бр.2 Распределба на остварените и предвидените приходи*

Од погоре прикажаниот преглед на приходите, може да се заклучи дека:

**ПРИХОДИТЕ ОД УСЛУГИ** учествуваат со **95,19%** во вкупните приходи во тековната година, додека нивното учество за следната година изнесува **95,56%** во вкупните приходи.

**ОСТАНАТИТЕ ПРИХОДИ** учествуваат со **4,81%** во вкупните приходи во тековната година, додека нивното учество за следната година изнесува **4,44%** во вкупните приходи.

Проектираните приходи за следната година се во износ од **90.530.922 денари**, што претставува пораст од **1,66%** во споредба со предвиденото за тековната година и тоа се должи на Одлуката за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на ЈП „Колекторски систем", **бр. 08-79/20**, донесена од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги, а објавена во Службен весник на Р.С. Македонија бр. 179/20 од 02.07.2020 година, со која претпријатието во 2022 година ќе остварува повисоки приходи по метар кубен потрошена вода во однос со тековната 2021 година.

Аналогно на тоа, оваа одлука ќе предизвика и соодветно зголемување во приходите, што е детално разграничено во Табела бр.3 и Табела бр.4.

| Тип потрошувач | Тарифа за прочистување отпадни води 2021 | 2022 | Промена (%) |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Домаќинства | 21,42 ден/м$^3$ | 21,86 ден/м$^3$ | **102,05%** |
| Индустрија | 34,27 ден/м$^3$ | 34,98 ден/м$^3$ | **102,07%** |

*Табела бр.3 Утврдена тарифа за 2021 и 2022 година и споредбена анализа.*

| Тип потрошувач | Приходи од услуги | | % |
|---|---|---|---|
| | Предвидено 2021 | Предвидено 2022 | |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Домаќинства | 55.097.351 | 56.226.847 | 102,05% |
| Индустрија | 29.667.805 | 30.281.929 | 102,07% |
| **Вкупно** | **84.765.156** | **86.508.776** | **102,06%** |

*Табела бр.4 Предвидени приходи од услуги со тековна и нова тарифа и споредбена анализа.*

## II. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ ЗА 2022 ГОДИНА

| Ред. бр. | НАЗИВ | ПЛАН 2021 | ОСТВАРЕНО 30.09.2021 | ПРЕДВИДЕНО 2021 година | ПЛАН 2022 година | Струк-турна анализа за 2022 | Според-бена анализа (6/5) | Според-бена анализа (5/3) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 1 | **Трошоци за материјали** | **2.100.000** | **715.959** | **1.100.000** | **1.500.000** | **1,27%** | **136,36%** | **52,38%** |
| 2 | **Трошоци за електрична енергија** | **18.000.000** | **16.204.541** | **35.500.000** | **44.945.000** | **38,18%** | **126,61%** | **197,22%** |
| 3 | **Трошоци за резервни делови и ситен инвентар** | **300.000** | **82.844** | **135.000** | **149.500** | **0,13%** | **110,74%** | **45,00%** |
| 4 | **Услуги за тековно одржување** | **2.000.000** | **1.100.649** | **2.850.000** | **3.150.000** | **2,68%** | **110,53%** | **142,50%** |
| 5 | **Други услуги (5.1 + 5.2 + 5.3 + 5.4 + 5.5 + 5.6)** | **6.700.000** | **5.960.348** | **8.628.684** | **9.007.000** | **7,65%** | **104,38%** | **128,79%** |
| 5.1 | Трошоци за поштенски, телефонски и интернет услуги | 800.000 | 2.109.224 | 2.910.910 | 3.094.000 | 2,63% | 106,29% | 363,86% |
| 5.2 | Надворешни услуги за изработка на добра и услуги | 4.200.000 | 2.180.195 | 3.298.987 | 3.300.000 | 2,80% | 100,03% | 78,55% |
| 5.3 | Трошоци за наем - кирија | 1.100.000 | 1.459.032 | 2.095.000 | 2.250.000 | 1,91% | 107,40% | 190,45% |
| 5.4 | Комунални услуги | 300.000 | 53.053 | 117.652 | 119.000 | 0,10% | 101,15% | 39,22% |
| 5.5 | Трошоци за реклама, пропаганда | | 35.600 | 35.600 | 55.000 | 0,05% | 154,49% | - |
| 5.6 | Останати услуги | 300.000 | 123.244 | 170.535 | 189.000 | 0,16% | 110,83% | 56,85% |
| 6 | **Останати оперативни трошоци (6.1 + 6.2 + 6.3 + 6.4 + 6.5 + 6.6 + 6.7)** | **3.223.090** | **2.177.705** | **3.082.816** | **2.987.600** | **2,54%** | **96,91%** | **95,65%** |
| 6.1 | Дневници за службени патувања | 80.000 | 49.453 | 69.656 | 75.000 | 0,06% | 107,67% | 87,07% |
| 6.2 | Трошоци за надом. на членови на УО И НО | 1.263.090 | 946.892 | 1.478.354 | 1.350.000 | 1,15% | 91,32% | 117,04% |
| 6.3 | Трошоци за репрезентација | 30.000 | 39.074 | 55.604 | 59.000 | 0,05% | 106,11% | 185,35% |
| 6.4 | Трошоци за осигурување | - | 75.455 | 95.855 | 106.350 | 0,09% | 110,95% | - |
| 6.5 | Трошоци за банк. усл. и пл. промет | 100.000 | 160.189 | 249.555 | 250.000 | 0,21% | 100,18% | 249,56% |
| 6.6 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и др. давачки | 250.000 | 203.653 | 234.687 | 245.000 | 0,21% | 104,39% | 93,87% |
| 6.7 | Останати трошоци на работењето | 1.500.000 | 702.989 | 899.105 | 902.250 | 0,77% | 100,35% | 59,94% |
| 7 | **Бруто плати** | **31.095.000** | **22.680.611** | **30.859.752** | **39.990.000** | **33,97%** | **129,59%** | **99,24%** |
| 8 | **Амортизација** | **17.000.000** | **11.995.790** | **15.994.387** | **16.000.000** | **13,59%** | **100,04%** | **94,08%** |
| | **ВКУПНО (1+2+3+4+5+6+7+8)** | **80.418.090** | **60.918.447** | **98.150.639** | **117.729.100** | **100,00%** | **119,95%** | **122,05%** |

*Табела бр.5 Остварени и планирани расходи за 2021 и 2022 год. респективно*

Проектираните расходи за 2022 година изнесуваат **117.729.100 денари** со тоа што доминантно учество имаат трошоците за електрична енергија (44.945.000 ден.), потоа следуваат бруто платите (39.990.000 ден.), трошоците за амортизација (16.000.000 ден.)

**ТРОШОЦИТЕ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА** учествуваат со **36,17%** во вкупните расходи во тековната година, додека нивното учество за 2022 година изнесува **38,18%** во вкупните расходи.

**БРУТО ПЛАТИТЕ** учествуваат со **31,44%** во вкупните расходи во тековната година, додека нивното учество за следната година изнесува **33,97%** во вкупните расходи.

**ТРОШОЦИТЕ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** учествуваат со **16,30%** во вкупните расходи во тековната година, додека нивното учество за следната година изнесува **13,59%** во вкупните расходи.

Најзначајните расходни ставки прикажани во поекстензивна форма се следните:

- *Трошоци за материјали, електрична енергија, резервни делови.* Овие трошоци се однесуваат за набавки на потрошен материјал за принтери и копири, средства за хигиена, фотокопирна хартија, ХТЗ опрема за вработените, набавка на резервни делови за службените возила, други трошоци за канцелариски материјали и трошоци за електрична енергија.

  Трошоците за електрична енергија за 2022 година ја имаат доминантната улога во вкупните планирани расходи. Тоа се должи на фактот што претпријатието поради висината на приходите на годишно ниво од една страна, како и вкупниот број на вработени од друга страна, од месец јули 2021 година премина во повисока категорија потрошувачи за која универзалниот снабдувач наплаќа неколкукратно повисока цена по kWh, и оваа ситуација ќе продолжи се додека претпријатието не склучи договор на отворениот пазар за снабдување со електрична енергија.

  Од друга страна, цените кои до овој момент се добиени се зголемени за повеќе од 600% од цените во досегашниот период. Имено, месечниот трошок на претпријатието за потрошена електрична енергија изнесуваше 1.200.000 денари во просек, додека со моменталните цени за истата потрошувачка месечниот трошок надминува 7.200.000 денари.

  Под претпоставка дека ќе се добие цена пониска од досега добиените, при предвидувањето на трошоците за 2022 година се зема реална цена која би можело да се очекува со оглед на општата моментална ситуација во државата со енергетската криза и очекуваното поскапување на цената по kWh.

  Како што се забележува од претставените прикази, овој трошок го има најголемото влијание во апсолутен износ врз вкупните расходи и со самото тоа придонесува кон остварување на негативен финансиски резултат на крајот на следната година. Во услови кога овие трошоци би се пресметувале по претходната тарифа, претпријатието не би имало никакви пречки во остварувањето позитивен финансиски резултат. Меѓутоа, со новите измени во тарифата и со оглед на макроекономската состојба, зголемувањето на овие трошоци претставува екстерен фактор врз кој не може да се влијае и евидентно е дека тоа во иднина ќе го доведе претпријатието до потешкотии од ликвидносна, солвентна и рентабилна природа.

- *Трошоци за тековно одржување.* Во оваа ставка влегуваат извршените услуги од страна на правни лица со кои е склучен договор за јавна набавка, од типот на услуги за сервисирање на пумпите, како и извршени услуги за винкловање на електромотори, одржување на софтверот итн.

- *Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги* – трошоци настанати како резултат на доставени месечни фактури од страна на Јавните претпријатија „Водовод" - Охрид и „Водовод и канализација" – Струга по основ на надомест за користење на

податоци за корисниците приклучени на колекторската мрежа, како и трошоци по основ на финансиско – правни услуги заради наплата на стари побарувања.

- *Останати трошоци на работењето* – Во оваа ставка се евидентираат трошоци за адвокатски и нотарски услуги, трошоци за судски постапки, трошоци за настанати штети, трошоци за извршители итн.

Согласно изработениот План за вработување за 2022 година, предвидени се вкупно 12 (дванаесет) нови вработувања и воедно тоа претставува главна причина за порастот во трошоците за бруто плати за наредната година. Дополнително, со Планот се предвидени и 9 (девет) унапредувања, а сето ова е надополнето со фактот дека е најавено и ново зголемување на минималните плати од почетокот на 2022 година, што ќе го доведе претпријатието во позиција да ги зголеми трошоците за плати со цел да ги задоволи новите законски норми.

Согласно на тоа, предвидените трошоци за бруто плати за 2022 година ќе бележат пораст од **29,59%** во споредба со трошоците за бруто плати направени во тековната година.

Табелата бр.6 дава детално објаснување за исплатените бруто плати за 2021 година, како и за проектираните бруто плати за 2022 година, изработени во согласност со Планот за вработување на ЈП „Колекторски систем" за 2022 година.

| Месец | Бруто плати за 2021 година | Предвидени бруто плати 2022 година | Споредбена анализа (3/2) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 2,476,380 | 3.190.000 | 128,82% | 12 вработувања |
| 02 | 2,449,279 | 3.190.000 | 130,24% | - |
| 03 | 2,420,591 | 3.190.000 | 131,79% | - |
| 04 | 2,474,689 | 3.380.000 | 136,58% | 9 унапредувања |
| 05 | 2,438,228 | 3.380.000 | 138,63% | - |
| 06 | 2,485,319 | 3.380.000 | 136,00% | - |
| 07 | 2,473,685 | 3.380.000 | 136,64% | - |
| 08 | 2,665,322 | 3.380.000 | 126,81% | - |
| 09 | 2,797,118 | 3.380.000 | 120,84% | - |
| 10 | 2,728,318 | 3.380.000 | 123,89% | - |
| 11 | 2,730,823 | 3.380.000 | 123,77% | - |
| 12 | 2,720,000 | 3.380.000 | 124,26% | - |
| **ВКУПНО** | **30,859,752** | **39.990.000** | **129,59%** | - |

*Табела бр.6 БП за тековна и наредна година согласно Планот за вработување за 2022 година*

## *ЗАКЛУЧОК*

Засновајќи се врз спроведена сеопфатна анализа базирана на реалната ситуација, за 2022 година се очекува вкупните остварени приходи на ЈП „Колекторски систем" да изнесуваат **90.530.922** денари што претставува зголемување од 1,66% во споредба со предвидените приходи за 2021 година. Приходите од услуги како носечка ставка на вкупните приходи се очекува да изнесуваат **86.508.776** денари во следната година, што е за 2.06% повеќе отколку во тековната година.

На расходната страна, вкупните расходи за 2022 година се очекува да изнесуваат **117.729.100** денари, што претставува пораст од 19,95% во споредба со тековната година. Како најзначителни ставки кои учествуваат со најголем процент во вкупните расходи се издвојуваат трошоците за електрична енергија (44.945.000 ден.), трошоците за бруто плати (39.990.000 ден.) и трошоците за амортизација (16.000.000 ден).

Земајќи ги предвид горенаведените прегледи и анализи, на крајот на 2022 година се очекува претпријатието да оствари негативен финансиски резултат од работењето во износ од **27.198.178** денари.

Изработил:
- Мирчески Јовче

В.Д. Директор
Владимир Алексијоски

Јавно претпријатие КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ Ndërmarrja publike SISTEMI I KOLEKTORIT (2) СКОПЈЕ * SHKUP